Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-204/3
09-05-2023 20 год/viti
СКОПЈЕ - SHKUP

По претставката со бр. 08 - 204 од 02.03.2023 година, поднесена од [redacted] од [redacted] Скопје за дискриминација по основ на пол, етничка припадност, јазик, државјанство, социјлно потекло, религија или верско уверување, образование, возраст и друга основа во областите образование, наука и спорт и социјална сигурност, социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита извршена од непрецизирани лица од страна на подносителката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 09.05.2023 година го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**За отфрлање на претставката поради неуредност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација со бр. 08 - 204 од 02.03.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје за дискриминација по основ на пол, етничка припадност, јазик, државјанство, социјлно потекло, религија или верско уверување, образование, возраст и друга основа во областите образование, наука и спорт и социјална сигурност, социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита извршена од непрецизирани лица од страна на подносителката **поради неуредност.**

## Образложение

На 02.03.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од [redacted], Скопје за дискриминација по основ на пол, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, образование, возраст и друга основа во областите образование, наука и спорт и социјална сигурност, социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита извршена од непрецизирани лица од страна на подносителката.

Поднесената претставка не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација: *„Претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот,*

*доколку ги има и потпис на подносителот.“* Од причина што претставката не ги содржеше наведените елементи и беше нејасна, согласно член 24, став 2 од Законот, Комисијата на 13.04.2023 година со допис бр. 08-204/2 ја задолжи подносителката истата да ја доуреди, во насока појасно да ги прецизира околностите и областа во која е извршена дискриминацијата, да се наведе потенцијалниот дискриминатор и да се наведе компаратор, во законскиот рок од 8 дена од приемот на дописот.

Со оглед дека во архивата на Комисијата доставена е поштенска повратница од која е видливо дека подносителката го примила дописот на 18.04.2023 година, а во законскиот рок не доставила доуредување на претставката со бараните елементи, Комисијата утврди дека подносителката се откажала од правото да ја доуреди истата. Следствено на наведеното, од причина што претставката на подносителката беше неуредна и нејасна и истата не ја доуреди согласно напатствијата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Претседател

Исмаил Камбери

Доставено до:

1. [redacted]
2. Архива на КСЗД